Радко НАЧЕВСКИ

# "СТРАТЕГИЈАТА НА ШИРЕЊЕ" - НОВА ФИЛОЗОФИЈА НА АМЕРИКАНСКАТА СТРАТЕГИСКА МИСЛА И ПРАКТИКА ВО 21. ВЕК

Во периодот на студената војна, пулсирањата во скоро целиот глобален политички, економски и воено-стратегиски контекст на меѓународната заедница, биле рефлексија на состојбите, процесите и промените во и помеѓу тогашните центри на светската моќ, во кои водечката улога ја имале нивните непомирливи предводници САД и Советскиот Сојуз.

Од тој аспект, распадот на реалсоцијализмот како систем, кој настанува како последица на една очекувана неминовност која се наметнува сама по себе поради манифестираната неплодотворност на идеологизираните системски фундаменти на развојот, кои во објективната стварност се потврдуваат како нереални и цивилизациски дисфункционални, неговата целосна декаденција се случува по сломот на стратегиските сили и средства во сите сегменти на меѓусебната стратегиска борба интензивирана од страна на стратегиската мисла и практика на Западниот Сојуз, на капитал-системот, со цел за конечна пресметка со главниот противник за водство на системот на планетарните простори.

Клучната улога во меѓустратегиската борба на системите ја одиграла проминентната американска стратегија, која во западната воена Алијанса имала улога на наднационална стратегија, а во политичкиот и економскиот стратегиски сегмент, покрај високата конзистентност на тој план со водечките земји на капитал-системот, американските стратези ја имале водечката улога во проектирањето и ефектуирањето на соодветните сили и средства од стратегиско значење.

Почетокот на меѓустратегиската борба, според повеќето западни стратези, се врзува со написот "Извори за советското однесување" од Мр-Х, објавен во "Foregn Affairs" во јуни 1947 година. Имено, во написот,

кој всушност бил дипломатска телеграма на Кенан Џорџ, биле фундирани нови глобални стратегиски претпоставки на поствоената американска политика спрема Советскиот Сојуз и комунизмот како систем. Суштината на новиот американски политички и воено-стратегиски контекст произлегува од следните констатации на Кенан Џорџ: "Советското раководство е подготвено да ги преземе сите расположиви цели и средства за да ги уништи основните придобивки на институциите на американското општество", и во тој контекст побарал одлучен "containment", односно задржување на комунизмот во постојните граници и оневозможување на неговото натамошно инфилтрирање. Како средства на спротиставување ги навел "сите расположиви политички, економски и општествени средства".[1]

Од тој момент па до 1990 година, како година со која се означува почетокот на крајот на студената војна, односно на реалсоцијализмот, во целиот тој период на меѓустратегиска борба, во американскиот и советскиот глобален стратегиски контекст, зависно од дадените политички, економски и военостратегиски предуслови, "продефилирале" со помал или поголем успех повеќе целосно оформени стратегии. Во американскиот стратегиски контекст, според времето на појавувањето и значењето, тоа се: "Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда", "Стратегијата на локални и ограничени војни", "Никсоновата доктрина", "Картеровата ПД-59" и "Регановата стратегија", а во советскиот: "Сталиновата стратегија", "Воената доктрина на Хрушчов", "Програмата на мирот" и стратегијата на "Разумна доволност".

За конечниот слом на советскиот а со тоа и на реалсоцијалистичкиот стратегиски контекст најголема заслуга има "Регановата стратегија", бидејќи во паралелното стратегиско појавување, развој и борба, стратегијата на Горбачов М., т.н. "Разумна доволност", за прв пат во меѓустратегиската борба значи избор на потполна дефанзива, односно неприфаќање на стратегискиот предизвик иницирран од Регановата администрација.

Поаѓајќи од значајноста на придобивките од извојуваната победа во меѓустратегиската борба, од аспект на актуелниот цивилизациски развој во чие средиште се глобалните интегративни процеси, како и фактот дека основните поставки на новиот американски проминентен надворешно-политички стратегиски концепт се само надградба на фундаментите на Регановата стратегија, на кои во новото време им е дадена глобална планетарна димензија, основните поставки на победничката стратегија ќе ги презентираме во нивното суштинско значење.

---

1. Mr - X., The Sources of Soviet Conduct, Foreign Affairs, July 1947.

Во *политичкиот сегмент* стратегијата го детерминирала без алтернативното реализирање на следните цели:

- конечно обезбедување на "улогата на светски раководител";

- "целосно запирање на советската експанзија и тајната инфилтрација";[2]

- "марксистичката визија на светот без господ мора да биде отфрлена, а неговото морално мнозинство треба да ги исправи гревовите на децениите";[3]

- офанзивна поддршка на "либерализацијата и ослободувањето" со цел да се "надмине вештачката поделба на Европа... а воспоставувањето на цврсти врски меѓу Запад и Источна Европа треба да се одвива низ работата на КЕБС за да се врши постојан притисок врз СССР и владите на другите источно-европски земји заради доследно почитување на човековите права".[4]

*Во економскиот сегмент:*

- енергичност и доследност во "либерализацијата на светското стопанство", во чие средиште се "пазарната економија и либерализацијата на трговијата". Дека стратегискиот удар во економскиот сегмент ќе биде успешен, Регановите стратези тргнувале од тогашниот процент на учество во вкупниот светски општествен производ, во кој земјите на капитал-системот го држеле приматот со 66%, земјите на СЕВ со 19%, а земјите во развој со 15%. Состојбите во светската трговија биле идентични. Земјите на капитал-системот учествувале со 63%, земјите на централно планираното стопанство со 8% а земјите во развој со 29%.[5]

Во овој, според американските стратези, најзначаен стратегиски сегмент се исклучуваат сите дилеми околу можниот неуспех на зацртаната стратегиска цел. Тоа го потврдува констатацијата на Хејг А., презентирана во "Вашингтон пост" од 13. 05. 1988 година, дека "советите во политичките и воените преструктуирања одат многу понапред отколку во економските и технолошките", а со тоа "неволјата на Горбачов станува поголема, бидејќи вети поголемо изобилство а "Перестројката" сеуште не обезбеди поголеми количества краставици во Москва".

Во *воениот сегмент,* за разлика од претходните стратегии, Регановите стратези на воено-стратегискиот фундамент "флексибилен одговор" му дадоа "чист" воен дух, кој ја подразбираше решеноста на САД да "реагираат а да го задржат правото да не одредуваат конкретно

2. USIS, 20. 01. 1988, Washington.

3. Ibidem, 2.

4. Ibidem, 5.

5. Извор: Светски стопански преглед, ООН, 1989.

каков ќе биде одговорот".[6] Во тој контекст, одговорот има три димензии: "директна одбрана", "заканување со ескалација" и "заканување со одмазда".

За реализирањето на интензивираната воено-стратегиска цел, Регановата администрација побарала и добила одобрување за зголемување на издвојувањата за потребите на војската. Наместо поранешните во просек од 4,5% од 1983 година па сè до крајот на двомандатниот период на регановото претседателствување, воените издатоци се движеле во просек од 6-7%, што практично значело зголемување на годишните издвојувања до рекордните 300 милијарди долари.[7] Енормните воени издвојувања овозможиле до тогаш *невиден развој* на воените средства во сите компоненти на воената моќ, посебно во стратегиските високо-технолошки оружени системи. Така, само проектот "Стратегиска одбранбена иницијатива",[8] кој требал да биде ефектуиран за петнаесет години, според проценките на експертите требало да проголта 300-500 милијарди долари.

Воено-стратегискиот аспект на високо-технолошкиот удар имал за цел, не да се создадат способности кои ќе бидат во состојба да ги декласираат воените средства на противникот, туку способности кои ќе ја декласираат неговата технологија која ги произведува тие средства.

Интензивирањето на големата трка во вооружувањето, водена според системот "акција-реакција", во корелација со интензивираните економски и политички стратегиски сегменти, била во функција на реализирањето на глобалната стратегиска цел: Советскиот Сојуз да се држи во перманентна инфериорност во сите сегменти на стратегиската борба, со краен ефект на целосно исцрпување на советското стопанство што би довело до потполна декаденција на советската држава и на нејзината империја.

Во интензивираната стратегиска борба, регановите стратези ја постигнале глобалната стратегиска цел. Главниот противник не само што бил декласиран во сите сегменти на стратегиската борба, туку воедно бил елиминиран и неговиот политички и социјален систем.

Брзиот слом на реалсоцијалистичкиот систем и големиот пресврт кој настанал во меѓународните односи како последица на истиот, ги изненадил, односно "затекнал" и самите актери на стратегиската победа. По тој повод, една година по историскиот настан, тогашниот претседател на САД Буш Џ., истакнал: "Во изминатите дванаесет месеци во светот се случија промени од библиски размери. Па дури и сега не сум сигурен

6. USIS, 9.
7. SIPRI, 1992, str. 264.
8. The New York Times, 30 may 1983.

дека во потполност го сфативме тоа што се случи. Меѓутоа, комунизмот умре годинава. Со божја волја Америка победи во студената војна... Светот кој некогаш беше поделен на два блока сега признава една и единствена надмоќна сила, Соединетите Американски Држави".[9]

Меѓутоа, во актуелниот момент на цивилизацискиот развој, кога пред капитал-системот се создавани реални предводнички перспективи во градењето на новиот светски политички, економски и воено-стратегиски поредок како што тоа го замислувал Расел Б., бидејќи темелните вредности на системот помалку или повеќе се прифатени од скоро сите поранешни земји на реалсоцијализмот, што значи дека во меѓународната практика се потврдуваат како фундаменти на цивилизацискиот развој, американската администрација сеуште нема званично промовирана стратегија за новото време. За создадениот глобален стратегиски вакуум претседателот Клинтон Б., ќе каже дека "изнаоѓањето делотворна рамка (проминентна - Р. Н.) за новата ера и дефинирањето на американската улога може да потрае со години".[10]

Во такви услови, американската стратегиска практика функционира врз основите на новодетерминираниот надворешно-политички концепт "Стратегија на ширење".[11]

Меѓутоа, ако се имаат предвид системската поставеност на сегментите во новиот концепт, чија суштина е идентична со сегментите на регановата стратегија само што се адаптирани за новото време, нивната функционалност и детерминираните сили и средства, тогаш "Стратегијата на ширење" ги надминува вредностите на надворешно-политички концепт и поприма вредност на целосно оформен стратегиски контекст претпоставувајќи ја де факто новата филозофија на американската глобална стратегиска мисла и практика за 21. век.

Ваквото стојалиште го потврдува актуелната практика на "Стратегијата на ширење", која за разлика од периодот на студената војна, во новото време функционира "не само како некој морален постулат туку како чин од интерес".[12] Од глобален стратегиски аспект тоа значи дека новиот стратегиски концепт дефинитивно ги напушта "containmentot" и "flexible response", а како основа на новата филозофија на стратегиското пулсирање ги втемелува "заемните интереси".

"Стратегијата на ширење" детерминира четири основни стратегиски сегменти. Нивниот интерактивен однос е во корелација со зацртаната глобална цел: реализирање на американските интереси во

9. AP, 29. 01. 1992, Washington.

10. AP, 21. 10. 1992, Washington.

11. Лејк Е., Говор на високата школа за меѓународни студии на Џ. Хопкингс универзитетот во Вашингтон на 21. 01. 1993. Преземено од Танјуг, 27. 09. 1993.

12. Ibidem

современиот меѓународен контекст и продолжување на континуитетот на американската стратегиска проминентност во рамките на глобалната стратегиска практика на капитал-системот во "ширењето на заедницата на пазарните демократии" на останатите планетарни простори.

Основните стратегиски сегменти се следните:

- *Прво:* "јакнење на јадрото на главните пазарни демократии".

Во овој прв по значење стратегиски сегмент, како централен приоритет се потенцира средувањето на состојбите "дома", во капитал-системот, експонирани по стратегиската победа над главниот противник и неговата империја. Надминувањето на противречностите, посебно меѓу водечките земји на капитал-системот, се потенцира како приоритет од стратегиско значење, бидејќи мирот во "јадрото на пазарните демократии" е основен предуслов за реализирање на заедничката стратегиска цел во новото време: безалтернативно планетарно ширење на пазарната демократија. Од национален аспект, средените состојби "дома" се потенцираат како основен предуслов за зацврстување на проминентната улога на Америка во системот на пазарните демократии во новото време. Тоа произлегува од состојбите и односите во мултиполарниот меѓународен контекст, посебно во заедницата на пазарните демократии, во кој, во меѓузависните односи градени врз системот на "заемни интереси" се создаваат реални можности помалку зависната страна да изнудува стратегиски приоритети. Од тој аспект, како приоритетна потреба се наметнува средувањето на односите со Јапонија, посебно во економската сфера. Стратегискиот пристап ќе биде поврамнотежен отколку тоа било во претходниот период.

Потребата од редефинирање на проминентната улога произлегува и од фактот, што за разлика од студеновоениот период, во новото време капитал-системот нема детерминирано заеднички стратегиски (системски) непријател.

Во овој примарен стратегиски сегмент, како стратегиски приоритет на новото време се потенцира реализацијата на Договорот НАФТА (North American Free Agreement), потпишан помеѓу САД, Канада и Мексико. Договорот, кој овозможува создавање на слободна трговска зона помеѓу земјите потписнички, од страна на американските стратези е оценет како стратегиски придонес во јакнењето на јадрото на главните пазарни демократии. Од воено-стратегиски аспект, претставува фундаментот на напорите за создавање заеднички одбранбен контекст на Северна Америка.

Договорот НАФТА, во чии рамки е првично предвидено укинување на половината царински бариери на интегрираниот економски простор кој зафаќа 360 милиони потрошувачи, се оценува и како голем економски интегративен зафат кој нужно води кон глобализација на светскиот

економски простор. Глобализацијата на светската економија американските стратези ја детерминираат како безалтернативна глобална стратегиска цел во 21 век. Оттука, дефинираната цел на Договорот НАФТА станува "нужно глобална".

Во овој примарен сегмент на "Стратегијата на ширење", приоритетно стратегиско значење имаат врските на САД со Европа и "адаптирањето на НАТО во новата ера". Потенцирањето на врските со Европа како стратегиски приоритет во новата ера, произлегува од фактот што тие врски како и во изминатиот период ќе вршат силна рефлексија врз севкупните трансатлантски односи, а во новата ера и пошироко.

Потребата од редефинирање на местото и улогата на НАТО во новосоздадениот европски контекст по распаѓањето на Варшавскиот договор произлегува од новопројавените причини кои условуваат нестабилност, затегнатост и судири, не само на поранешните реалсоцијалистички простори туку и пошироко. Во редефинираната улога на Алијансата, американското воено присуство се оценува како фундаментално.

Во адаптирањето на НАТО за новата ера, за прв пат во неговата историја, како нов стратегиски квалитет се потенцира отвореноста на Алијансата за новите членови. Од воено-стратегиски аспект, ширењето на просторната димензија на НАТО претпоставува ставање под воена контрола на новите интегрирани простори.

Во рамките на меѓузависниот одбранбен контекст, е зацртана стратегиската определба на Европа во една подолгорочна перспектива да ѝ се овозможи да создаде сопствен одбранбен идентитет кој ќе биде компатибилен со Атлантскиот Сојуз.

- *Второ:* "целосна поддршка на консолидацијата на државите кои се од специјален интерес за Соединетите Американски Држави".

Во овој втор по значење сегмент на "Стратегијата на ширење", како најголем американски надворешно-политички и безбедносен интерес во предзорјето на 21 век е детерминирано подрачјето на погранешниот Советски Сојуз. Во изборот на силите и средствата кои ќе го насочуваат стратегиското пулсирање во поддршката на реформите за консолидација на демократските процеси на овие простори како доминантни се потенцираат економските средства. Во однос на Русија, како главен партнер на воената моќ, во стратегиската игра, покрај економските средства, во амортизирањето на воената моќ ќе бидат вклучени и воено-стратегиските средства. Акцентот е даден на перманентното високо-технолошко декласирање на руската воена индустрија и на изнудувањето во рамките на договорањата СТАРТ преку секогаш присутната иницијатива за намалување на горниот праг на стратегиските нуклеарни оружени системи.

Во вториот сегмент на стратегиското ширење, за витални интересни подрачја на САД кон кои ќе бидат насочени стратегиските активности во актуелниот момент, но и во 21. век, се детерминирани просторите на Латинска Америка и европските простори кои во периодот на студената војна не биле во просторниот контекст на Советскиот Сојуз. Консолидацијата на демократските процеси во овој американски интересен просторен контекст, ќе се одвива преку изнаоѓање секогаш "нови начини за користење на помошта и трговијата кои би биле во функција на поддршка на реформите". Консолидацијата ќе се одвива преку инструментите на светските економски и финансиски организации и институции во кои американската кооптивна моќ е доминантна или со директна поддршка на САД.

- *Трето:* "минимизирање на заканите кои доаѓаат од реакционерните држави надвор од кругот на пазарните демократии кои се потенцијални пролифератори на оружени средства, од терористите, криумчарите на дрога и агресорите".

Стратегискиот аспект на овој сегмент на "Стратегијата на ширење" подразбира неутрализирање, односно ликвидирање на сите актуелни или потенцијални фактори, состојби и извори кои ги загрозуваат или можат да ги сопрат со своите дезорганизаторски или уништувачки активности вредностите на демократските процеси на национален или наднационален план. Стратегијата ги дефинира силите и средствата кои се во функција на обезбедување на непречениот демократски развој, не исклучувајќи ги силите и средствата за директна примена на оружената насилство од помали или поголеми размери.

Како најголема опасност која може да ги загрози не само демократските процеси туку и светскиот мир, американските стратези ја потенцираат диктаторската власт во Северна Кореја и нејзините нуклеарни амбиции, за кои тврдат дека излегуваат од контекстот на меѓународните договори за неширење и пролиферација на атомската уништувачка моќ. Изборот на стратегиските сили и средства за неутрализирање на ваквите амбиции ќе зависи од начинот на манифестирањето на моќта, целите што се сакаат да се реализираат и од политичкиот и воено-стратегискиот амбиент во регионот и пошироко во времето на пројавувањето.

Исто така, како еден од позначајните стратегиски приоритети во новото време, стратезите го потенцираат т.н. "двојно запирање" на Ирак и Иран. Тоа подразбира, во политичкиот сегмент, натамошна потполна меѓународна изолација на двете држави сè додека нивните тоталитаристички системи се експонираат како најголеми противници на демократските процеси и на американските интереси во регионот, а во воено-стратегискиот сегмент, минимизирање на нивните застрашувања

од примена на воена сила и на амбициите за нивно прераснување во регионални воени сили. Стратегиските активности ќе бидат насочени и кон минимизирање на поддршката на овие земји на меѓународниот тероризам, на милитантниот исламски фундаментализам, пролиферацијата на масовно уништувачките оружени системи и на други слични активности кои ја загрозуваат демократијата и безбедноста воопшто.

Во овој трет сегмент по значење во "Стратегијата на ширење", стратезите го детерминираат генералниот стратегиски пристап во односите со Кина во новото време. Генералното произлегува од тоа што во овој момент на стратегиското промислување американските стратези работат на целосно операционализирање на стратегиските сили и средства на глобалниот стратегиски контекст во односите со Кина.

Од тој аспект, генералното подразбира "охрабрување на либерализацијата во Кина" и поддршка на нејзиниот просперитет и стабилност, кои воедно се детерминираат како недвосмислен американски интерес. Америка постојано ќе инсистира на воспоставување сестрани врски со Кина но и со постојано предупредување на стагнантните состојби во развојот на човековите права во оваа држава. Исто така се потенцира и американската загриженост во однос на кинеските методи на демонстрација на воената моќ и трговијата со оружје.

Се претпоставува дека во севкупниот стратегиски контекст во односите со Кина, американските стратези ќе ги користат економските сили и средства како опресивни средства за изнудување приоритети во меѓузависниот однос на заемните интереси. Претпоставката поаѓа од следните неколку глобални состојби и процеси во меѓузависниот контекст: прво, минимизирање на кинеската воена уништувачка моќ како средство на стратегијата за реализирање политички и воено-стратегиски цели во регионот и пошироко, заради фактот што масовноуништувачката современа воена хипертрофија ipso facto ја крева границата на сопствената ирационалност како средство на политиката; второ, огромен е влогот на капитал-системот во либерализацијата на економската политика на Кина кој овозможува развој на економијата по нагорна линија. Имено, само во 1993 година со инвеститорите на капитал-системот Кина има склучено 100 илјади договори вредни 110 милијарди долари. По ваквите инјектирања во економијата, штедните влогови на кинеското граѓанство ја достигнуваат фантастичната цифра од 200 милијарди долари; трето, во меѓузависниот трговски однос Кина има статус на повластена нација. Во годишниот прилив на средства од трговската размена Кина - свет, кои изнесуваат над 200 милијарди долари, огромен е делот од повластениот статус.

Ако се има предвид генералната надворешно-политичка определба на Кина во новото време искажана од Цијанг Ц.М., при посетата на американскиот претседател Буш Џ, на Кина во јануари 1993 година: "На Кина ѝ се потребни мирот и стабилноста во светот, а на светот му е потребна мирна и стабилна Кина" [13], тогаш се поставува прашањето, дали Кина може да го задржи нагорниот економски растеж кој претставува основен предуслов на стабилноста и просперитетот во интерниот и екстерниот стратегиски контекст, во услови на некаква економска дисфункционалност во меѓузависниот однос на заемните интереси со капитал-системот, односно во услови на некој нов национален или наднационален интегран контекст фундиран врз моќта на оружените системи без економска подлога? Одговорот им е познат на кинеските стратези.

-*Четврто:* "поголем концептуален и практичен пристап на САД во хуманитарните ангажирања".

Во рамките на овој мошне значаен сегмент на"новата" американска стратегиска мисла и практика, стратезите ја потенцираат потребата од натамошно постоење на институцијата "мировни операции" во ООН и учеството на САД во истите.

Учеството на САД во мировните операции се детерминира како *национален интерес.* Од тој аспект учеството во операциите ќе биде "поселективно и поефикасно".Тоа ќе биде во функција на *проминентното* експонирање на САД во ООН во новосоздадениот мултиполарен меѓународен контекст, кое во студеновоениот период е невозможно поради биполаризмот во меѓународните односи, и во функција на ширењето на капитал-системот во рамките на политичката и воено-стратегиската димензија.

Всушност, овој сегмент на "Стратегијата на ширење" претставува легализирање на релативно новата стратегиска ориентација изложена во строго доверливиот документ кој на 24. 01. 1990 година е доставен до високите воени команданти на САД. Документот претставува дополна на "насоките" кон кои оружените сили на САД ќе "мораат да се приспособат при планирањето на петогодишниот период од 1992 - 1997 година". [14]

Основната поента на документот е да се укаже на тоа дека во деведесеттите години, по распаѓањето на реал-социјализмот, ќе се интензивираат противречностите и оружените судири надвор од заедницата на пазарните демократии. Со тој аспект САД ќе мора да бидат подготвени "за директни интервенции" на овие простори, како

13. РОЈТЕР, 18. 01. 93.
14. UNITA, 14. 02. 1990.

што наведуваат американските стратези, "за да се нападнат корените на нестабилноста".

Појдовните основи на стратегискиот сегмент "поголем концептуелен и практичен пристап на САД во хуманитарните активности" се презентирани во "Претседателската директива број 25".[15] Во директивата се зацртани следните стратегиски определби:

- Соединетите Држави нема да учествуваат во решавањето на сите конфликти во светот;

- Обединетите Нации сеуште не демонстрирале способности да го остваруваат и оддржуваат мирот, посебно во ситуации кога непријателствата помеѓу завојуваните страни сеуште траат, односно кога ризикот од конфронтирањето е голем, а локалната соработка мала.

Во тој контекст, целта на САД ќе биде, во иднина пред ООН да не се поставуваат барања кои тие не ќе бидат во состојба да ги извршуваат. САД ќе им помагаат во оние мисии за кои тие ќе сметаат дека помошта е неопходна;

- Посебно се потенцира, американските контингенти да не се ставаат под команда на странски офицери што е низбежно кога станува збор за раководење и командување со мултинационалните сили на светската организација;

- Пред да се донесе одлука за учество на американски трупи на било која меѓународна мировна мисија мора да бидат исполнети следните основни услови:

*Прво,* мировната мисија мора да биде во склад со националните интереси на САД. (Оваа стратегиска определба е од посебно значење за македонскиот стратегиски контекст во новото време, бидејќи американското воено присуство на македонските простори во рамките на УНПРЕДЕП е рефлексија не само на заемните интереси во меѓусебниот стратегиски контекст туку и на детерминираниот американски стратегиски сегмент - Р.Н.);

*Второ,* заради успешно спроведување на мисијата е неопходно претходно да се дефинира стварната потреба на американското воено присуство;

*Трето,* иницијативите да бидат поддржани од Конгресот, а целите да бидат јасни со точно одредено времетраење на престојот.

- Се дефинираат условите под кои САД ќе даваат согласност за започнување на секоја мировна операција без оглед на тоа дали во истата ќе учествуваат американски трупи или не. Тие услови се: постоење вистинска опасност по меѓународниот мир и безбедност, ненадеен прекин на демократските процеси по создавање на големи немири, загрозување

15. Документот е коментиран во "The New York Times", 05. 05. 1994.

на човековите права и во други за кои САД ќе проценат дека е потребно воено присуство на ООН.

Вака дефинираните услови во овој сегмент на "Стратегијата на ширење", де факто претставуваат промоција на проминентната улога на САД во ООН во новото време. Во овој контекст посебно внимание предизвикува реактивирањето на идејата за формирање стални оружени сили на светската организација и местото и улогата на САД во истите со оглед на фактот дека како успешна алтернатива на истите во актуелниот момент се пенетрираат колективните системи на безбедност и одбрана на капитал-системот во кои американската стратегија е наднационална. Иако сеуште нема званична поддршка на идејата од страна на американската администрација и Конгресот, сепак од селективниот пристап и детерминираните строги критериуми во однос на одобрувањата на воените присуства на ООН, како и од видувањата на Клинтон Б., за идната поставеност на ООН и во тој контекст неговата заложба за формирање на "Главен штаб на ООН за мировни операции" кој воедно би претставувал екипа за планирање, логистички единици за брзо реагирање и оперативен центар за глобална комуникација,[16] може да се даде проспективно видување дека во поблиската или подалечната иднина идејата повторно ќе биде актуелизирана. Секако, нејзиното ефектуирање ќе биде условено од расплетот на разграничувањата на влијанијата на новите центри на моќта во мултиполарниот меѓународен контекст, од распоредот на силите и на нивната севкупна моќ во новото воено-политичко и геостратегиско преструктуирање и разграничување на светските простори и од способноста на САД да ги надминуваат предизвиците пресметани на минимизирање на нејзината лидерска улога во стратегиската практика на капитал-системот и на актуелното проминентно експонирање во мировните операции на ООН.

Од тој аспект, замислата на американските стратези во рамките на овој сегмент од "Стратегијата на ширење" е во функција на реализирање на следните стратегиски цели во предзорјето на 21 век:

- детерминирање на просторите кои се од национален интерес во новиот мултиполарен меѓународен контекст надвор од заедницата на пазарните демократии;

- "воено освежување" на постојната стратегија на "судири со низок интензитет" и давање меѓународен правен легитимитет на активностите, методите и средствата врзани за судирите со низок интензитет, потенцирајќи дека кога е потребен "одговор на САД за учество во активностите, тој одговор треба да биде разработен со принципите на меѓународното и националното право, кои го потврдуваат инхерентното

---

16. РОЈТЕР, 01. 07. 1993.

право на државите да употребат сила во поединечна или колективна самоодбрана од оружениот напад и да се помагаат една со друга за зачувување на внатрешниот ред, спротиставувајќи се на бунтовите, тероризмот, противзаконската трговија со наркотици и на други карактеристични облици на судирот со низок интензитет."[17] Меѓународниот и правниот имунитет на активностите, методите и средствата на "стратегијата со низок интензитет" подразбира меѓународна поддршка и оправдување за воеdebto присуство и примената на сила од страна на САД надвор од нејзината територија, и

- давање благослов на новите активности на воеоиндустрискиот комплекс имајќи ги предвид настанатите последици од "дивидендите на мирот" во постстуденовоениот период. Аргументите на Пентагон поаѓаат од неопходноста за "забрзување на тековната технолошка револуција" во "потрага по нови генерации вооружувања" за "повеќекратна намена кои можат да се репрограмираат".

Активностите на ВИК се во функција на континуитетот на перманентното декласирање по принципот "акција-реакција", не на оружените средства на конкурентите по моќ туку на нивната индустрија која ги создава тие средства. Таквите активности имаат силна рефлексија не само врз лидерската позиција на САД во стратегискиот контекст на капитал-системот, туку и врз актуелната проминентна улога на САД во севкупниот контекст на светската организација. Оттука, инерактивниот однос помеѓу ВИК и воено-стратегиската мисла и практика ќе биде во фокусот на интерниот и екстерниот стратегиски контекст на САД во 21. век.

ЛИТЕРАТУРА

1. Brzezinski Z., Power and Principle, New York, 1983.
2. Dean D., The U.S. Air Force in Low-Intensity Conflict, "The Air University Review", I - II, 1985.
3. Department of Defense Dictionary of Military, Washington, 1979.
4. Department of Defense. Department of Defense Report on the University's Role in Defanse Research and Development. Washington, D. C. 1987.
5. Dahrendorf R., Reflections on the revolution in Europe, Times Books, New York, 1990.
6. Lindgren K., Vardens Krig, SIIA, Stockholm, 1990.
7. Feldman J., An Introduction to Economic Conversion. National Commission for Economic Conversion and Disarmament. Washington, D. C. 1988.

17. USIS, 10.

Radko NAČEVSKI

## "PROPAGATION STRATEGY" - NEW PHILOSOPHY OF AMERICAN STRATEGIC THOUGHT AND PRACTICE OF XXI CENTURY


(Summary)

In the period of the "cold war", the American strategy was mainly based on the strategic fundamentals named "containment" and "flexible answer". In the actual multipolar internationl strategic context, in which the USA displayed itself as a unique planetary superpower, the American strategists promoted the new foreign political doctrine named "Strategy of spreading". According to the systematic setting of the new doctrine determinants and the aims that should be realized, the "Strategy of spreading" exceeds the frames of the foreign political doctrine and acquires the value of a completely created strategic context representing de facto the new philosophy of the American global strategic thought and practice for the 21st century.

The constitutive segments of the "Strategy of spreading" are as follows:

First: strengthening the pith of the main market democracies;

Second: a supoor for the consolidation of the states that are of special interest for the United States of America;

Third: minimizing the threats that come from the reactionary states that are potential proliferators of arms from terrorists, smugglers of narcotics and aggressors; and

Fourth: more conceptual and more practical American presence in humanitarian organizations.

The aim of the new American global strategic context in the 21st century is protection of the prominent USA role in the capital system and in that context its spreading in other parts of the world.